Национална Агенција за
Европски Образовни Програми
и Мобилност

Education and Culture DG
Lifelong Learning Programme

# *ВОДИЧ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА*

# *НА ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ ПРОЕКТИ*

Порта Буњаковец А2-1 МК-1000 Скопје, Македонија

www.na.org.mk + 389 2 3103731

СОДРЖИНА:

Вовед ........................................................................................................................ 2

**1. Прашања во врска со евалуација ...................................................................... 2**

1.1 Што претставува евалуацијата ?......................................................................... 2

1.2 Како се поврзува евалуацијата со Леонардо да Винчи? ............................................... 2

1.3 Зошто да се евалуира? .................................................................................... 3

1.4 Како се поврзува евалуацијата со мониторингот? ....................................................... 3

**2. Кој треба да ја превземе евалуацијата ?...................................................................... 5**

2.1 Самоевалуација ............................................................................................ 5

2.2 Надворешна евалуација ................................................................................... 5

**3. Кога треба да започне евалуацијата?.......................................................................... 7**

3.1 Планирање на евалуацијата .............................................................................. 7

3.2 Средна евалуација .......................................................................................... 7

3.3 Конечна евалуација ......................................................................................... 7

**4. Што треба да се евалуира ?.................................................................................8**

4.1 Евалуација на процесот и резултатите .................................................................8

4.2 Теми за евалуација ......................................................................................... 8

**5. Како се врши евалуација?..................................................................................10**

5.1 Што треба да се направи - четирите фази на спроведување на евалуација ................10

**ВОВЕД**

Овој водич за евалуација е наменет за оние кои работат со проекти во рамките на Европската програма за Стручно образование и обука - "Леонардо да Винчи". Евалуацијата е клучен аспект на програмата Леонардо, односно претставува процес кој помага во идентификација на слабостите или предностите во рамките на еден проект, со што придонесува да се превземат корективни мерки кога е потребно.

Од суштинско значење за сите партнери во рамките на проектот во Леонардо да Винчи е да се разбере концептот на евалуацијата и исто така, да се планира стратегијата на самата евалуација со цел да се анализираат и интерпретираат податоците за проектите кои би идентификувале области на достигнувања и области на слабости.

Овој водич има за цел да ја нагласи важноста на оценувањето и исто така, да обезбеди практични информации кои може да се интегрираат во процесите на планирање и функционирање на проектот во текот на целиот проектен циклус.

Првиот дел од водичот одговара на неколку основни прашања во врска со евалуацијата. Се разгледуваат четири клучни прашања за планирање и преземање наевалуација. Тоа се:

- Кој треба да ја превземе евалуацијата?
- Кога треба да започне евалуацијата?
- Што треба да биде евалуирано?
- Како се спроведува евалуацијата?

# 1. ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ЕВАЛУАЦИЈА

## 1.1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ЕВАЛУАЦИЈАТА ?

Евалуацијата е структуриран процес со кој активностите вашиот проект се оценуваат и се разбираат. Вклучува анализирање и интерпретирање на податоците во врска со проектот, со цел да се идентификуваат областите на достигнувања и слабости.

Евалуацијата е делумно статистичка вежба, но статистиката (како на пример проучување на некој веб сајт, или бројот на луѓе вклучени во пилот-програма за обука) ја кажува само половина од приказната. Една добра евалуација вклучува елементи на квалитативни анализи, како на пример истражувања на учениците, разговори со корисниците или тренерите итн.

Вие исто така може ако сакате да го евалуирате процесот на менаџирање, административните и техничките процеси со чија помош сте дошле до вашите резултати. Вредноста на овој аспект на евалуација е тоа дека може да даде насоки како да се подобрат определени карактеристики следниот пат, и за своја корист и за онаа на другите (идни) координатори на проектот.

## 1.2. КАКО СЕ ПОВРЗУВА ЕВАЛУАЦИЈАТА СО ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ?

Леонардо проектите се изработени за да се анализираат иновативните достигнувања во подобрување на пристапот и транспарентноста на материјалите за стручна обука, методи, практики и производи, како и за подобрувањето и ширењето на овие резултати.

Вие треба да го евалуирате вашиот проект со цел преку анализа да утврдите дали достигнувањата биле успешни или не. Исто така, треба да бидете во можност да ги идентификувате клучните точки кои треба да бидат пренесени на други (изготвувачи на политиките или практиканти) заинтересирани за истите прашања.

Во пракса, проектите од програмата Леонардо да Винчи би требало да напредуваат преку достигнување на некоја од следните цели :

• **Цел 1** - Подобрување на вештините и способностите на луѓето, особено на младите луѓе кои се во почетна стручна обука на сите нивоа, со цел да се олесни нивната интеграција на пазарот на трудот;

• **Цел 2** - Да се подобри квалитетот и пристапот до постојана стручна обука и доживотно стекнување на вештини и способности;

• **Цел 3** - Да се промовира и зајакне придонесот за стручно усовршување на процесот на иновации, со цел подобрување на конкурентноста и претприемништвото, а исто така и во поглед на нови можности за вработување.

Може да бидете во можност да обезбедите квантитативни докази за исполнувањето на овие цели. Сепак, квалитативната анализа која ќе се обезбеди од добрата евалуација честопати се прифаќа како релевантен доказ за оценување на резултатите од целокупното работење, т.е. „успехот" на проектот кој не е конкретно определен во статистиките.

## 1.3. ЗОШТО ДА СЕ ЕВАЛУИРА?

Резултатите од вашата евалуација би биле:

- Да се идентификува што функционирало добро, а што не функционирало добро, од аспект на тоа што било сработено (резултати) и како било сработено (процес);
- Ви помага вам и на останатите во процесот на планирање на моментални и идни проекти (со докажување на содржината на проектот или идентификување на нови можности);
- Ви овозможува да го надградите својот успех и да развиете добра пракса, како и да го спречите повторувањето на грешки кои сте ги направиле;
- Ви помага при мониторингот на вашиот проект;
- Ви помага да ја проширите и развиете стратегијата на дисеминација.

## 1.4. КАКО СЕ ПОВРЗУВА ЕВАЛУАЦИЈАТА СО МОНИТОРИНГОТ?

Мониторингот едноставно ги следи информациите како на пример бројот и статусот на оние кои би имале бенефиции од вашиот проект, бројот на работни часови, или пак бројот на извршени обуки. Се очекува сите проекти да имаат мониторинг поради квалитетна контрола и надзор над самите процедури во проектот. Но сепак, мониторингот не се поистоветува со евалуацијата.

Мониторингот претставува почетна точка без која неможе да се започне процесот на евалуација. Од самото тоа се гледа дека делокругот на евалуацијата е доста поголем од оној на мониторингот.

Евалуацијата ги користи податоците добиени од мониторингот кои одговараат на прашањата што се случило, како се случило и дали сите тие активности кои биле превземени ги постигнале претходно утврдените цели. Евалуацијата може директно да ги интерпретира статистичките податоци кои се собрани за целите на мониторингот, или може постоечките статистички податоци да бидат употребени за понатамошно истражување.

## 2. КОЈ ТРЕБА ДА ЈА ПРЕВЗЕМЕ ЕВАЛУАЦИЈАТА ?

Има 2 вида на активноста за евалуација:

- Самоевалуација – Која се спроведува од координаторот на проектот или од било која организација која е вклучена во самиот проект.
- Надворешна евалуација – Евалуација која се спроведуа од индивидуалци или од организација која не е вклучена во проектот.

Двата вида на евалуација може да бидат применети на еден ист проект, односно, тие се спроведуваат од различни гледишта или пак се однесуваат на различни тематики од проектот.

### 2.1 САМОЕВАЛУАЦИЈА

Повеќето проекти најверојатно ќе продуцираат самоевалуација (честопати заедно со надворешна евалуација). Важно е самоевалуацијата да се спроведе правилно, и дека оние кои ја превземале оваа акција се квалификувани и запознаени со она што се евалуира. Персоналот кој ќе ја спроведува евалуацијата треба да има ограничено време и ресурси кои би им биле на располагање за да ги извлечат пред се најбитните точки од самиот проект. Оној кој ќе ја превземе евалуацијата треба да знае кои податоци му се достапни, да има основно познавање на методите за анализа и истражување и да биде во можност нив да ги практикува во процесот на евалуацијата. Исто така, способностите на евалуаторот да ги интерпретира добиените сознанија и податоци на најдобар начин се исто така многу важни.

Онаа личност која е задолжена да го евалуира проектот треба да биде што повеќе независна од неговиот менаџмент. Во случаи на големи организации како универзитети на пример, ова не би требало да претставува проблем. Помалите организации може да имаат потешкотии при поделбата на менаџерите и евалуаторите, бидејќи имаат помал број на вработени. Во овој случај, пожелно е да се вметне надворешен евалуатор.

### 2.2 НАДВОРЕШНА ЕВАЛУАЦИЈА

Клучните прашања за употребата на надворешна евалуација се: Зошто треба да се превземе? и Кога се најпотребни придонесите на евалуаторот?

Одговорот на прашањето „зошто“ е релативно точен. Надворешниот евалуатор треба да понуди експертски услуги. Надворешните евалуатори,  исто така, може да понудат објективна евалуација на проектот. Тие исто така може (во зависност од вашиот проект) да бидат во можност да ја превземат евалуацијата во поширок контекст.

Одговорот на прашањето „кога“ зависи од околностите кои го опфаќаат проектот. Вие треба да одлучите што ќе биде побарано од евалуаторот да направи, и кога ќе биде превземена акцијата.

## 3. КОГА ТРЕБА ДА ЗАПОЧНЕ ЕВАЛУАЦИЈАТА?

### 3.1 ПЛАНИРАЊЕ НА ЕВАЛУАЦИЈА

Планот за вашата евалуација треба да започне што е можно порано. Пред да аплицирате за Леонардо грантот, треба да имаате во предвид некои основни прашања:

- Кои се продуктите од овој проект?
- Кои критични фактори за успех може да ги одредите за овие продукти?
- Кои процеси треба да се употребат за да се измери напредокот спроти овие фактори?
- Што ќе води грижа за овие процеси (и дали ке ми биде потребна надворешна евалуација)?
- Што ќе произлезе од овој процес? (на пр. извештај или презентација)?

Некои податоци за вашата евалуација може да произлезат од рутинската проверка на податоци. Тоа што го мерите на рутинска основа дел е оформено, и поврзано со потребите за евалуација. Поради тоа е важно од самиот почеток прецизно да се знае кои аспекти од вашиот проект е потребно да се вреднуваат, пред податоците од рутинската проверка да бидат целосно оформени. Сепак, голем дел од евалуацијата цврсто ќе се потпира на истражувања и анализи на процесот, сосема различни од вашиот процес на мониторинг.

Постојат две важни точки кога треба да управувате со евалуацијата на вашиот проект:

- во средината на проектот, и
- на крајот од проектот.

### 3.2 СРЕДНА ЕВАЛУАЦИЈА

Средната евалуација е превземена во текот на проектниот циклус, кога проектот сеуште се реализира и не е завршен. Целта е да се следи напредокот и да се прилагодат и докажат аспектите на проектот кон неговите напредувања. Поради оваа причина, исто така понекогаш реферираат како формативна евалуација. Тоа, исто така, рефлектира

дали напредувањата на процесот (како менаџментот и мониторинг системите, и партнерското работење) се ефективни и колку тие можат да бидат докажани. Привремената евалуација покажува дали вашиот проект:

- Ги има постигнато целите по датите одредени во планот за работа; и
- Дали е на пат да ги постигне целите до крајот на проектот.

### 3.3 ФИНАЛНА ЕВАЛУАЦИЈА

Целите на финалната евалуација се:

- Да се изработат заклучоци за имплементација и степен на успех на проектот;
- Да се информираат телата кои се одговорни за спроведување на проектот;
- Да се стимулира поддршката за трансфер на точките на иновации;
- Како и да се стимулираат нови идеи за иновативни проекти.

## 4.ШТО ТРЕБА ДА БИДЕ ЕВАЛУИРАНО?

### 4.1 ОЦЕНУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ И ПРОЦЕСИТЕ

Два елементи од вашиот процес ќе бидат оценети

- Резултатот - што било постигнато; и

- Процесот - како резултатот бил постигнат, вклучувајки го и вашето управување на проектот( вклучувајки го и интернационалниот елемент).

Двата елемента се од исклучителна важност во постигнување целосно разбирање на вашиот проект. Како што е веќе наведено спроверувањето на собраните информации се клучен извор на информации. Поради тоа вашиот контролор можеби би сакал да присуствува на интернационалните состаноци; да учествува во пробата на производите; интервјуирање на партнерите, и останатите важни соработници или пак да изврши маркетинг истражување со таргет групата.

### 4.2. ТЕМИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА

Морате да одлучите што е она што ќе го оцените. Меѓутоа, има неколку критериуми од фундаментална важност на ниво на програмата, против која вашиот Леонардо проект беше првично проценет и прифатен за финансирање и според кој треба да се обидете да евалуирате.

Тие се:

•**<u>Иновации</u>** - Зависно дали вашите продукти, процеси или таргет групи се релативно нови или иновативни;

•**<u>Интернационалност</u>** - Успехот на интернационалното работење и ефективноста од придонесите на партнерот;

•**<u>Партнерство</u>** - Целокупниот менаџмент и администрација на работењето на партнерот;

•**<u>Валидност</u>** - Дали некои од потребите опишани во вашето оправдување се пресретнати;

•**<u>Дисеминација</u>** - Дали сте ја опфатиле целата посакуваната публика;

•**<u>Валоризација</u>** - Дали сте постигнале поголем број на ефекти преку интеграција на активностите.

При евалуација на овие аспекти, можеби ќе треба да се разгледаат одредени прашања Табелата 4.1 дава неколку примери.

Различни теми се повеќе или помалку важни во одредени временски периоди и треба да се фокусирате на нив во одредени фази од проектот. Вашата евалуација треба да опфати и други аспекти на проектот вклучувајќи ги и:

- Дизајн на проектот и методологија;
- Менаџмент на проектот и преносливи механизми;
- Остварливост на проектот; и
- Квалитетот на резултатите.

## 5. КАКО СЕ ВРШИ ЕВАЛУАЦИЈА?

При планирањето на евалуацијата, клучните поенти кои најпрво треба да се земат во предвид се дали се работи за внатрешна или надворешна евалуација. Всушност, фокусот и природата на активноста ќе варираат во зависност од тоа за каква евалуација се работи. Останатите клучни точки се следните:

- **Фокус на евалуацијата** – Не може да се евалуира буквално се што е направено во проектот. Вие треба прецизно да определите кои теми и прашања ќе ги евалуирате. Ова е важно од два аспекти: за вас, доколку правите самоевалуација, но доколку има и надворешна евалуација овие информации ќе

треба да ги пренесете на евалуаторот, односно да го определите на што да се фокусира.

- **Цели на проектот** – Она што го евалуирате се разбира дека зависи од вашите цели и интереси.
- **Производи од проектот** – Би било доста интересно да се врши евалуација на производите, односно резултатите кои произлегле од вашиот проект.
- **Процес на проектот** – Самиот процес на проектот може да биде евалуиран. На пример, процесите поврзани со оформувањето партнерства, донесувањето одлуки, реализација на менаџментот итн. Можат да бидат предмет на евалуација.
- **Предмет, намена и таргет група** – Фокусот и обемот на евалуацијата зависи од овие фактори

## 5.1 ШТО ТРЕБА ДА СЕ НАПРАВИ - ЧЕТИРИТЕ ФАЗИ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕВАЛУАЦИЈА

Кога веќе имате изработен план за евалуација на вашиот проект и нацрт за темите кои ќе бидат вклучени, вие мора да се раководите според долунаведените 4 фази за спроведување на евалуацијата:

I. Дефинирајте ги идникаторите (влезни индикатори на самиот процес, квантитативни и квалитативни индикатори);
II. Да се обезбедат сите потребни податоци;
III. Да се анализираат веќе обезбедените податоци;
IV. Да се поднесе извештај.